| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛУПД за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Совет на Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Крива Паланка |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Добривој Николовски |
| Назив на работното место | Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина |
| Контакт податоци за лицето | 031 376 480<br>dobrivoj.nikolovski@krivapalanka.gov.mk |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">ЛУПД за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка се изработува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12).</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да<br>Не √</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да, енергетика.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да √<br>Не</td><td>Член:3</td><td>Точка:4</td><td>Алинеја:1</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Со цел искористување на водите од водоснабдиделниот систем Калин Камен како оптимално решение во поглед на што помали инвестициони трошкови за изградба а што поголемо производство од малите хидроелектрани, предвидено е на истиот да бидат поставени  две хидроелектрани и тоа  МХЕ Калин Камен 2 и МХЕ Калин Камен 1. Малата хидроелектрична централа ќе биде во функција на одржливиот економски развој преку производство на хидроенергија.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планирање на просторот, уредување на земјиштето за изградба на објектите, партерно уредување.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Периодот за донесување на планскиот документ.</td></tr>
<tr><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планскиот период за кој се изработува ова Локална урбанистичка планска документација не е утврдено со закон.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област,</td></tr>
</table>

**добро е да се прикачи мапа)**

Просторот кој е предмет на изработка на локалната урбанистичка планска документација се наоѓа на територијата на Општина Крива Паланка.
Опфатот на ЛУПД се наоѓа на дел од КП 309, КО Крива Паланка, општина Крива Паланка и во тие граници зафаќа површина од 600 м$^2$ и е со неправилна правоаголна форма.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Блокирање на пристапните патишта, зголемена бучава од работата на механизацијата, создавање на отпад од расчистување на теренот.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Изградбата на планираниот објект во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација и економски ефекти.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи и хаварии кои би можеле да се случат. При изградба на објектот да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постави хидроелектраната.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Општина Крива Паланка, според бројот на жителите е средно голема општина. Вкупното население во општината изнесува 20.820 лица или околу 1% од вкупното население на Република Македонија. Просечната густина на населеноста изнесува 19,7 жители на 1 км$^{2}$, според што оваа општина спаѓа во редот на ретко населени, приближно 4 пати помалку анселена од просекот на Републиката.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Зголемувањето на увозот на електрична енергија во последниве години ја потенцира важноста на изградбата на нови извори. Изградбата на малата хидроцентрала ќе даде придонес и во зголемувањето на учеството на обновливите извори на енергија. Хидроцентралата нема конфликтни точки со постојните и планирани енергетски инфраструктурни водови.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Една од целите во развојот на водостопанството во Република Македонија е целосно искористување на хидропотенцијалот на водотеците во склоп на повеќенаменски</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| системи. Малите хидроелектрани може да се градат независно, на места каде нема да ги загрозат условите за реализација или функционирање на поголемите регионални енергетски системи. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во близина нема природно наследство, односно регистриран споменик на природата, но во секој случај потребно е да се почитуваат законите од оваа област. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | На овој простор не постојат објекти и тој е градежно неизграден.<br>Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба и компатабилните намени согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот нема посебни пејсажни вредности. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Стратешката важност на РМ е преобразба на енергетскиот сектор, донесување на нови мерки за инвестирање во обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Реализацијата на планскиот документ може да влијае на квалитетот на водите и биодиверзитетот.<br>Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Предметната локација за Локална урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ Калин Камен 2 на КП 309, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот ГУП на град Крива Паланка од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со тех. бр. Y13111, согласно кои од Министерството за животна средина и просторно планирање е добиено решение за Услови за планирање на просторот. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се** |

| |
|---|
| **користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Потенцијалните влијанија од предметниот опфат досега не биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на други плански документи. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Арсенчо Алексовски |
| **Бр.** 08-646/2<br>**Датум** 27.02.2013 год.<br>**Место** Општина Крива Паланка | М.П. |